# ШТО Е ШТЕДЕЊЕ?

## ШТО Е ШТЕДЕЊЕ?

Штедење е кога не ги трошиме сите пари што ги добиваме. Можеме да ги чуваме во банка, а можеме да ставиме и некоја паричка во касичка и тоа значи дека штедиме.





## КАКВО ШТЕДЕЊЕ ПОСТОИ?

Постојат повеќе видови штедење.
Во зависност од рокот:
- **орочено штедење** – кога парите ги ставаме во банка да се чуваат на одредено време; и
- **неорочено штедење** – кога парите може да ги подигнеме во секое време, но во тој случај, за раз–лика од ороченото штедење, каматата е помала.

Во зависност од тоа во која валута се штеди, постои:
– денарско и
– девизно штедење.
Каматата на денарското штедење е поголема.

## КОГА ДА ПОЧНАМ ДА ШТЕДАМ?

Би било добро да се штеди уште од детството за да можеме во иднина да купиме, односно да добиеме некои работи за кои сега мечтаеме или ги посакуваме.




## КАКО И КАДЕ СЕ ШТЕДИ?

Парите може да се чуваат во касичка, но посигурно е да се чуваат во банка.
Банката му отвора штедна книшка на секој што штеди, а во неа се запишува колку пари има.
Банката е најдоброто место за чување на парите, затоа што таму тие се безбедни и затоа што од ден на ден ги има сè повеќе и повеќе.
Кога се штеди во банка, парите на штедната книшка со текот на времето се зголемуваат. Банката на тој начин му се заблагодарува на штедачот што тој ѝ ги доверил своите пари на чување, а наградата, односно парите што се додаваат во штедната книшка се нарекуваат камата.





**Точните одговори на овие прашања (наведете ги и следниве податоци: име, презиме, одделение, училиште и град) испрати ги на нашата адреса најдоцна до 25 март. Ќе наградиме тројца читатели и нивните имиња ќе ги објавиме во НАШ СВЕТ бр. 27.**

1. Кога не ги трошиме сите пари што ги добиваме, туку ги собираме и ги чуваме во касичка или ги вложуваме во банка тоа се нарекува Ш_ _ _ _ _ _
2. Што ни отвора банката за вложените пари? Ш_ _ _ _ _ К_ _ _ _ _
3. Што добиваме за парите вложени во банка? К_ _ _ _ _

КУПОН
НАШ СВЕТ
(штедење)
ДЕТСКА РАДОСТ
ПРОСВЕТНО ДЕЛО
ул. „Димитрие Чуповски“, бр.15
1 000 Скопје

Во соработка со
**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**